# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** — **06.07.2015 година**
**Општина Македонски Брод** — **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** — **Број 7 – 2015 год.**

ЈУЛИ 2015

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 11 од Законот за јавните претпријатија (Сл.весник на РМ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15) Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2015 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За давање на согласност на Статутот на**
**Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена**
**Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на општина Македонски Брод дава согласност на Статутот на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод донесен од страна на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод .

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на општина Македонски Брод”.

**Бр.18-572/3** **Совет на општина Македонски Брод**
**30.06.2015 година** **Претседател**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за давање согласност на Статутот на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Статутот на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2015 година.

**Бр.08- 572 /11**
**06.07.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 точка 44 Статутот на општина Македонски Брод Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2015 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За превземање на основни средства за работа и дел од вработените од ЈП Водовод и канализација Македонски Брод за потребите на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод**

Член 1

Со оваа одлука, Советот на општина Македонски Брод одлучи да се изврши превземање на еден камион и еден трактор од ЈП Водовод и канализација Македонски Брод и да се предаде на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод.

Член 2

Советот на општина Македонски Брод одлучи да се изврши превземање на 8 (осум) работници и 2 (двајца) шофери вработени во постојан работен однос во ЈП Водовод и канализација Македонски Брод во ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македоснки Брод”.

**Бр.18-572/4**
**30.06.2015 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за превземање на основни средства за работа и дел од вработените од ЈП Водовод и канализација Македонски Брод за потребите на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за превземање на основни средства за работа и дел од вработените од ЈП Водовод и канализација Македонски Брод за потребите на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2015 година.

**Бр.08- 572 / 11**
**06.07.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник бр.05/02) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.06.2015 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на Одлуката за отворање на донаторска сметка**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод дава согласност на Одлуката за отварање на донаторска сметка бр.02-279/1 за реализација на добиен проект под програмата Еразмус+ за размена на ученици од стручно образование во износ од 47.037,00 евра во денарска противвредност од Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност, што ја донесе Училишниот одбор при СОУ ”Св. Наум Охридски“ -Македонски Брод на ден 26.06.2015 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила веднаш со денот на нејзиното донесување.

**Бр.18-572/5**
**30.06.2015 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за отворање на донаторска сметка**

Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Одлуката за отворање на донаторска сметка, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2015 година.

**Бр.08- 572 /11**
**06.07.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 30.06.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање на користење на вода од водоснабдителниот систем за с.Крапа општина Македонски Брод на ДООЕЛ „Масиго“ с.Ржаничино-Скопје-погон во с.Крапа**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава на користење вода од водоснабдителниот систем за с.Крапа Општина Македонски Брод на ДООЕЛ „Масиго“ с.Ржаничино-Скопје-погон во с.Крапа.

**Член 2**

Меѓусебните права и обврски за користење на вода од водоснабдителниот систем за с.Крапа општина Македонски Брод помеѓу ДООЕЛ „Масиго“ с.Ржаничино-Скопје и општината Македонски Брод ќе се регулираат со посебен договор.

**Член 3**

Се утврдува надоместок за користење на вода од водоснабдителниот систем за с.Крапа Општина Македонски Брод во износ од 120.000,00 денари годишно. Наплатата ќе се врши се додека корисникот користи вода од водоснабдителниот систем за с.Крапа

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 18- 572/6
30.06.2015 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод

Претседател,

Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за давање на користење на вода од водоснабдителниот систем за с.Крапа општина Македонски Брод на ДООЕЛ„Масиго„ с.Ржаничино –Скопје погон во с.Крапа**

Се прогласува Одлуката за давање на користење на вода од водоснабдителниот систем за с.Крапа општина Македонски Брод на ДООЕЛ ,,Масиго,, с.Ржаничино –Скопје погон во с.Крапа, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2015 година.

**Бр.08- 572 /11**
**06.07.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 18-534 од Иваноски Мире, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК по однос на барањето од лицето Иваноски Мире од Македонски Брод да се информира дека ослободување од плаќање за улично осветлување е неосновано бидејќи тоа е јавна давачка уредена со закон од тие причини Советот го одбива барањето.

**Бр. 18 - 572 / 7**
**30.06.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 18-311 од Црковен одбор при храм „Св.Богородица“ –Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК по однос на барањето од Црковниот одбор „Св.Богородица“ од Македонски Брод да се информира ЦО дека треба да се направи детална анализа за проблемот со одржување на трпезаријата на градските гробишта и наплатата за електрична енергија во присуство на сите страни односно ЈП Водовод и канализација – Македонски Брод и Црковниот одбор да одржат заеднички состанок и да дадат предлог решение за да може Советот да донесе одлука по однос на ова барање.

**Бр. 18 - 572 /8**
**30.06.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник бр.02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК за итно санирање на водоводот односно отстранување на азбесните цевки и поставување на пластични цевки на водоводот на ул.„Јане Сандански“ и ул.„Поречка“ а воедно и санација на оштетена шахта на ул.„Поречка“ и улица „Илија Игески Цветан“ и ревизија на сите шахти на улиците во Македонски Брод за санација и реконструкција на истите.

**Бр. 18 - 572 / 9**
**30.06.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

**Службен гласник број 7 од 06.07.2015 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Одлука за давање на согласност на Статутот на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Маккедонски Брод ........................................................................стр.2

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Статутот на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Маккедонски Брод ......................стр.3

Одлука за превземање на основни средства за работа и дел од вработените од ЈП Водовод и канализација Македонски Брод за потребите на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод .................................................................................................стр.4

Заклучок за прогласување на Одлука за превземање на основни средства за работа и дел од вработените од ЈП Водовод и канализација Македонски Брод за потребите на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод ...........................................................................стр.5

Одлука за давање согласност на Одлуката за отворање на донаторска сметка на СОУ „Св.Наум Охридски“ ...........................................................................................стр.6

Заклучок за прогласување на Одлука за давање согласност на Одлуката за отворање на донаторска сметка .............................................................................................стр.7

Одлука за давање на користење на вода од водоснабдителниот систем за с.Крапа општина Македонски Брод на ДООЕЛ „Масиго„ с.Ржаничино –Скопје –погон во с.Крапа ..........................................................................................................................стр.8

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на користење на вода од водоснабдителниот систем за с.Крапа општина Македонски Брод на ДООЕЛ „Масиго„ с.Ржаничино –Скопје –погон во с.Крапа ..................................................................стр.9

Заклучок по барање од Иваноски Мире ..............................................................стр.10

Заклучок по барање од ЦО „Св.Богородица“ Македонски Брод ........................стр.11

Заклучок за реконструкција на водовод на ул.„Јане Сандански“ и ул.„Поречка“ во Македонски Брод ...................................................................................................стр.12